# FOREVER

N. MACEDONIA
Август 2020 | Број 226

## ВАШИОТ ЖИВОТ СЕ СЛУЧУВА ВО МОМЕНТОТ
Rex Maughan

## ВОДЕТЕ СО ДАВАЊЕ ТОН НА ДРУГИТЕ
Gregg Maughan

## ДЕНЕШНИТЕ УСИЛБИ НОСАТ ДОЛГОРОЧНИ РЕЗУЛТАТИ
Стефан и Тања Стаеви



# Водете со давање тон на другите






**Првите чекори што некој ги прави во своето Форевер патешествие можат да се нај-трансформирачките, исполнети со можности, воодушевување и чувство дека станал дел од нешто големо. Затоа е толку важно да давате добар тон на луѓето кои се вклучуваат во вашиот тим, и тоа не само на почетокот, туку и долгорочно.**

Помните ли како се чувствувавте кога ја добивте првата порачка, откако се регистриравте? Сигурно сте биле исполнети со возбуда од претстојните можности, сте извадиле се од кутијата и сте го подредиле пред себе, за да ги разгледате продуктите. Првото физичко искуство во бизнисот е исклучително важно и може да даде тон како ќе се развијат работите понатаму.

Не е доволно новиот сопственик на Форевер бизнис само да го добие Старт пакетот, Клин 9 или друг пакет. Како спонзор треба да го воведете во вашиот тим, да го споделите знаењето за секој продукт, личното искуство, кои се вашите фаворити и како вие би искористиле се што е вклучено во порачката. Толку е возбудливо! Ова е почетокот на голем чекор во иднината на новиот човек! А и создава претстава што може да очекува од вас како лидер и партнер во неговиот успех.

Да им покажувате на луѓето на каде да тргнат е само дел од вашиот ангажман. Кога некој ќе се вклучи во вашиот бизнис, вие склучувате договор со него – ако тој работи напорно за градење на својот бизнис, вие ќе работите исто толку напорно за да му помогнете да се искачи на следното скалило. Ова можете да го постигнете ако го водите напред, давајќи му одличен пример и развивајќи лидерски вештини и кај него. Со менторство на новиот соработник и споделување на вашето искуство, вие го инспирирате да го прави истото кога ќе раскажува за продуктите и бизнис можноста. Претворете го лидерството во нешто кое може да се копира и предава на членовите на вашиот тим, за тие да станат следното поколение лидери во Форевер.

Но додека работите на тоа да станете поефикасен лидер, не заборавајте дека имате чест и одговорност да учите од другите. Поставувајте прашања, бидете љубопитни и интересирајте сѐ што им помага во бизнисот. Споделувајте го наученото. Сите постигнуваме поголеми успеси кога работиме и се издигаме заедно.

Гледаме успех и раст во целиот свет. Да го задржиме овој интензитет со тоа што ќе го споделуваме нашето воодушевување од Форевер и ќе даваме тон кој ќе одреди какво ќе биде нечие патешествие. Да им помагаме на новите луѓе да го осознаат потенцијалот на нашите прекрасни продукти и бизнис за да го променат нивниот живот кон подобро.

**Продолжете со насмевки,**



**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг Продактс



# Вашиот живот се случува во моментот



**„Не можете да се вратите назад и да го промените почетокот, но можете да започнете од таму каде што сте сега, и да го промените крајот.“**

**– CS Lewis**

Дали некогаш сте размислувале за минатото и што би се случило ако сте донеле различна одлука? Можеби сте погледнале назад кон околностите кои биле надвор од вашата контрола и сте сакале работите да се развивале на малку поразличен начин. Мислам дека секој од нас имал такви мигови во животот. Во минатото кога сум сфаќал дека одвојувам премногу време во размислување за ситни работи, сум се обидувал да си напоменам дека вакви мисли не се корисни и не можат да го променат исходот од дадена ситуација.

**МИНАТИТЕ НЕУСПЕСИ И ГРЕШКИ НÈ ВОДАТ И НÌ ДАВААТ ВАЖНИ ЛЕКЦИИ.**

Малкумина можат да се пофалат дека животот не им донел препреки. Нашите минати неуспеси и грешки нè водат и нѝ даваат важни лекции. Но тие спомени можат и да бидат како неканети гости – добронамерни и безопасни на почетокот, но не и ако удобно се сместат и се задржат подолго отколку се посакувани.

Ваквите размислувања можат да се претворат во мали работи кои долго се вртат во умот, кои се тотално бескорисни и можат да предизвикаат сомнеж и неизвесност. За вас таква може да е незгодна случка пред луѓето, или пак грешка во работата која забавила цел проект. Се наоѓате во ситуација постојано да ја „прожектирате“ сцената во вашиот ум и да мислите како сте можеле да направите или кажете нешто различно за да ја промените разврската.

Минатото е чудна работа. Може да биде извор на жалење и мисли „што ако...“, но може и да нѝ помага да научиме вредни лекции, кои ќе нè направат посилни и ќе нѝ помогнат да растеме.

Кога имате чувство дека заглавувате во минатото, отстапете чекор назад и наместо да се прашувате „што можев да направам за да ги променам работите“, изместете ја перспективата и помислете „што научив што ќе ме води и ќе ми помага да избирам поправилно во иднина“. Кога ќе размислите како такви моменти ве поддржале да израстете во правилната насока, според мене брзо ќе видите дека дури и нешто кое нѝ се чини грешка, има своја вредна цел и придонело да станете човекот кој сте денес.

Никогаш нема да можете да се вратите на почетокот. Едноставно нема начин. Но секогаш можете да ги користите научените лекции за да си го изградите посакуваниот живот. Пред вас секогаш има чисто нов почеток и потенцијалот на утрешниот ден е безграничен!

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**

Главен извршен директор на ФЛП




# Forever Aloe Sunscreen

Сè изгледа подобро кога сонцето грее, но тие зраци доаѓаат и со своја закана! Се разбира дека ние добро знаеме какви опасности се кријат во изложувањето на сонце и дека е неопходно да се користат високо квалитетни заштитни производи за кожа. Но кога списокот со состојки на повеќето креми за заштита од сонце изгледаат повеќе како хемиски каталог, произлегува прашањето: дали навистина постои добар заштитен лосион во кој ги има во комбинација предноста на современите испитувања со природните производи.

Не барајте повеќе, затоа што идеалната варијанта е заштитниот лосион Forever Aloe Sunscreen на Форевер Ливинг Продуктс, кој е хидратантен лосион за заштита од сончеви изгореници со специјална формула која содржи 100% стабилизиран Алое Вера Гел. Уникатен и ефикасен лосион со заштитен фактор 30 кој ја штити кожата од штетното влијание на сончевите UVA и UVB зраци. Тој е водоотпорен и го зачувува дејството дури и по 40 минути престој во море или базен. Овој производ ја смирува, влажни и заштитува кожата од сончевата светлина и ветер. Што подобро всушност би можеле да употребите од нашиот стабилизиран Алое Вера Гел за да ги сведете на минимум последиците од исушување, лупење и изгореници на кожата, кои што ги предизвикува изложувањето на сонце и ветер и да ја вратите нејзината влажност.

Со се повеќе познатото благотворно влијание на Алоето, Forever Aloe Sunscreen е прекрасен лосион кој ја смирува и лади истоштената кожа.

Нанесете рамномерно на деловите на кожата кои се изложени на сонце и ветер. Користете приближно околу две супени лажици лосион за да го покриете телото и масирајте со врвовите на прстите. (Дланките премногу апсорбираат). Нанесете го 15-30 минути пред да излезете на сонце.






# Денешните усилби носат долгорочни резултати



Драги сопственици на Форевер бизнис,

Последните неколку месеци сите сме подложени на предизвици и промени со какви досега се немаме соочено. За жал резултатите за луѓето околу нас се најчесто лоши. Социјалните и економските последици од карантинот и вонредните мерки за мнозина доведоа до загуба на работа, доходи и сигурност. Политичката ситуација во земјите во кои живееме исто е доста нестабилна. Општо земено, ситуацијата во нашата средина во никаков случај не може да се нарече благодатна за професионален раст и развој.

Но во океанот од секакви бури ние заедно со вас како да се наоѓаме на мирен и егзотичен остров, заштитени од сите опасности. И името на тој остров е Форевер.

Без да сакаме да сме арогантни и глуви за проблемите на луѓето наоколу, сепак не можеме а да не се гордееме со вашите успеси последните неколку месеци. Постојано растечки бизнис за многу од вас во Бугарија и навистина рекордни резултати на сопствениците на Форевер бизнис од С.Македонија со над 1000 бодови месечен обрт во последните месеци. Резултати кои уште еднаш докажуваат дека употребата на одличните производи на компанијата, системот за нивната препорака и распространување, како и маркетинг планот на Форевер и можноста за градење на сопствен бизнис со него, се апсолутно независни од социјалните, економските и општествените катаклизми.

Се разбира дека вашите одлични постигнувања се резултат и од фокусираните усилби на секој од вас за што ви честитаме и благодариме од срце! Бидејќи дури и во системот во кој  работиме успехот бара труд и жртви. Независно кои сте и што точно правите, за да успеете, потребно е труд, посветеност, дисциплина и одрекувања.

Сите одлично сте разбрале дека за да си обезбедите иднина со слобода и избор, ќе треба да се лишите од моменталните желби и задоволство во сегашноста. Само така ќе ги исполните мечтите во разумен рок. Точно тоа е генијалното во системот на мрежниот маркетинг. Тој може да ги награди вашите моментални усилби и одлуки со долгорочни резултати и сигурност. За да го искористите, највалжното е секогаш да го имате на ум крајниот резултат од сегашните усилби и мечти. Само така нема да губите фокус и ќе сте на јасно зошто денес или утре ќе треба да правите нешто повеќе и поразлично од останатите. Ќе знаете дека избраниот пат ќе ве одведе до иднината за која сонувате наместо до нешто ситно кое го сакате во моментот.

Седнете и уште еднаш добро размислете кои се мечтите за чие исполнување сте подготвени да ја жртвувате зоната на комфор сега. Запишете си ги и работете здраво за нивно остварување.

Луѓето околу нас секогаш ќе сакаат да изгледаат и да се чувствуваат подобро, да бидат независни и да имаат слободно време што сами ќе го управуваат. Вие можете да им помогнете да го постигнат тоа, а за возврат ќе добиете слобода, независност, време со кое сами ќе располагате, како и многу нови одлични пријатели во Форевер!

На колку повеќе луѓе им помагате, толку по-дарежлива ќе биде и вашата награда!

**Засекогаш Ваши,**



***Стефан и Тања Стаеви***

**Генерални директори на Форевер Бугарија/Македонија**



# Како да правиме онлајн претставувања на производите

*Amelia Bruce*, Велика Британија

Последните неколку месеци се чудни. Работата од дома стана нешто нормално за многумина од нас и треба да најдеме иновативни и различни начини за да продолжиме да го движиме нашиот бизнис онлајн.

Денешниот дигитален свет нѝ дава можност да сме поповрзани од секогаш и не е задолжително создавањето на нови контакти и зголемувањеo на нашиот тим да биде лично. Можеме да го развиваме нашиот бизнис, да се запознаваме со нови луѓе и да ги претвориме во наши клиенти и соработници од удобноста на нашиот дом.

Иако ограничувањата постепено се намалуваат, да ја прегрнеме промената и да ја развиеме нашата дејност онлајн е фантастичен начин за развој на бизнисот кој заштедува време. Онлајн претставувањата на производите се многу ефективен начин за споделување на производите и комуникацијата со нови луѓе.

Еве неколку корисни совети како успешно да организирате онлајн претставување на производите.

## Кого да поканите

Сите! Вашиот список со имиња е вашата база на податоци. Затоа поканете ги сите – пријателите и соседите од топлиот список и луѓето со кои порано сте разговарале за бизнисот, бидејќи ова е одличен метод за градење на стабилна појдовна точка за вашиот бизнис. Направете онлајн заедница и обезбедете им на луѓето во неа интересна информација за дискутирање. Вклучувајќи се во дискусијата, секој демонстрира интерес за тоа што го предлагате и станува информиран кандидат што го олеснува развојот на вашата врска сѐ додека не го претворите во клиент или соработник. И запомнете дека не треба да ги игнорирате луѓето кои веќе сте ги поканиле на презентација на производи во живо или кои сметате дека веќе слушнале за производите, бидејќи вебинарите за производи нудат различно доживување од традиционалните средби.

## Како да ги поканите

Онлајн презентацијата може да е само за еден човек или за педесет, затоа потрудете сѐ да изберете ден и час, кои според вас се најсоодветни за вашата публика. Откако ќе го одредите времето, потрудете сѐ да искористите најразлични начини за да ги информирате луѓето за вебинарот. Социјални мрежи, мејлови, јавувања, СМС и други пораки се добри начини за комуникација. Бидете природни во разговорите.

## Ангажирајте ја публиката

Неколку дена пред настанот испратете им го линкот за вебинарот на поканетите. Во Форевер користиме Zoom за сите онлајн средби, но можете да изберете и друга платформа која подобро одговара на вашите лични барања и е посоодветна за вашиот аудиториум. Додадете кратка лична порака колку сте воодушевени што ќе можете да споделите кои се вашите омилени производи. На денот на презентацијата можете повторно да го испратите линкот уште еднаш како потсетник.

## Подготовка за настанот

Планирањето е исклучително важно ако сакате да направите онлајн средба која ќе биде интересна од почетокот до крајот. Внимателно размислете која е целта на вебинарот. Да создадете нови контакти и потенцијални кандидати, да го проширите списокот со имиња или да продадете продукти? Потоа изберете тема: какви се најважните познавања кои можете да ги споделите со луѓето за околу 1 час?

## Подгответе го техничкиот дел и околината

Пред почетокот уверете сè дека имате камера (вградената во лаптопот е доволна) и  микрофон, соодветно подесен за просторијата во која се наоѓате. Уверете сè дека сите производи кои ќе ги користите ви се при рака, дека се чисти, отворени и спремни за демонстрирање.

Важно е да одберете производи кои добро ги познавате, кои лично сте ги пробале и навистина ги сакате. Прочитајте се што е можно за нив, побарајте дополнителна информација од вашиот спонзор, слушнете што кажуваат луѓето кои ги употребуваат. И не пропуштајте да ги претставувате коректно и етички, во согласност со сите барања. Ако не сте сигурни што можете и што не можете да кажувате за производите и бизнисот, запознајте сè внимателно со веб прирачникот „Градење на етички бизнис“.

## Презентацијата

Откако сте комплетно подготвени, вие можете да ја направите онлајн презентацијата на производи. Не пропуштајте да го поздравите аудиториумот и да се претставите, ако има потреба. Објаснете ја програмата на настанот и дека на крајот ќе има можност за прашања и разговор. Групирањето на производите може да е ефективен начин за нивно претставување. На пример во лична хигиена да говорите за течниот алое сапун за раце, шампонот и балсамот со алое и јојоба, гелот за заби Форевер брајт и алое дезодорансот. Или пак во групата производи за нега за рацете за течниот алое сапун, алое прополис крема и хидрантниот алое лосион. Можете да се концентрирате и на козметиката и да  ја претставите секојдневната нега за кожата „Соња“ или колекцијата Инфинит од Форевер. А можете и да ја посветите презентацијата на алое геловите за пиење и да се фокусирате на полезното дејство на секој од нив.

Откако ќе завршите, не пропуштајте да прашате дали некој има прашања – било за споменатите продукти, било за бизнис можноста. Не заборавајте да објасните како се прават порачките, како и да напомнете дека фирмата предлага 30-дневна гаранција за враќање на парите.

## Следете

Откако вебинарот успешно поминал, добра идеја е да се продолжи со него. Ако сте го снимиле, испратете им линк на луѓето кои се регистрирале за учество на онлајн средбата, но не успеале да присуствуваат. Снимањето на вебинарите може да биде ефективен бизнис инструмент, бидејќи тие се вредна содржина која можете да ја споделувате со аудиториумот и во подоцнежни етапи. Ако некој од присутните не си порачале ништо, тоа не го менува нивниот статус на важни контакти и потенцијални соработници и клиенти. Можеби само им се потребни повеќе информации, затоа нивното следење преку последователен контакт е клуч за одржување на нивниот интерес за продуктите и бизнисот.

Онлајн презентациите на производи се одличен начин да се претставите како сигурен извор на информација во својата област. Ви дозволуваат да ги споделите вашите познавања со целниот пазар и лично да предлагате решенија за проблемите на луѓето, што може да ги растера нивните сомнежи во однос на вас или производите.

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ЈУНИ 2020 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОРИ

1. Дамјановска Оливера
2. Јанева Софија
3. Мицевска Оливера

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Ајтен Зибер
2. Алексовска Зорица
3. Андовски Горан
4. Апостоловска Славица
5. Арапов Мартин
6. Арсова Јасминка
7. Атанасовска Марина
8. Бегоска Снеже
9. Беса Лутвије
10. Бубевска Душанка
11. Величковска Маја
12. Веселинов Борко
13. Готиќ Ана
14. Глигорова Емилија
15. Даневски Кирче
16. Даов Горан
17. Ѓоргеска Татјана
18. Ѓуровска Љубица
19. Зафирова Ѓурѓица
20. Зарев Иван
21. Зекири Ислам
22. Илијоска Тања
23. Илиоска Даниела
24. Ирис Фросина
25. Иванова Златковска Маја
26. Јовановска Данка
27. Јовческа Сања
28. Кацарска Јулија
29. Караѓонова Александра
30. Касмска Латинка
31. Кимовски Ацо
32. Коцарова Гошева Татјана
33. Костадиновски Тони
34. Крстевска Александра
35. Крстевска Василка
36. Кускински Тања
37. Лоскоска Моња
38. Марковски Никола
39. Меневска Јелена
40. Мицевска Дерџановска Маријана
41. Михајлов Игор
42. Миланова Виолета
43. Милановска Слаџана
44. Милевски Александар
45. Милошеска Сашка
46. Мишева Билјана
47. Митрова Руменовска Марија
48. Митрова Мартина
49. Николиќ Христина
50. Николовска Даниела
51. Перчинковска Слаџана
52. Петрова Менка
53. Петрушевска Елена
54. Пљакова Валентина
55. Ралевска Трајанка
56. Ристеска Дамјаноска Тања
57. Санев Билјана
58. Савова Александра
59. Симјаноска Далиборка
60. Спанаќова Марија
61. Стефанов Благој
62. Стојановски Тони
63. Стојкова Анета
64. Стојкоска Слаѓана
65. Сума Ѓилтен
66. Такасманова Александра
67. Темелкова Наташа
68. Топаловска Александра
69. Ушковска Мариноска Јулија
70. Цингарска Даринка
71. Цветановска Елена
72. Цветановска Маја
73. Џајкоски Никола
74. Џотова Силвана
75. Шазију Муарем
76. Шљупкова Јулијана
77. Шуманска Виолета

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др.Роза Гелевска | 1. Стевица Димовска |
| 2. Славица Донакова | 2. Вера Златковска |
| 3. Вера Златковска | 3. Елена Гелевска |
| 4. Елена Гелевска | 4. Славица Донакова |
| 5. Стевица Димовска | 5. Слаѓана Маџова |
| 6. Катерина Трајчевска | 6. Др. Роза Гелевска |
| 7. Блага Крстеска | 7. Горан Давитков |
| 8. Слафко Михајловски | 8. Катерина Трајчевска |
| 9. Слаѓана Маџова | 9. Марија Лефковска |
| 10. Младен Димовски | 10. Жарко Георгиевски |


facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like



**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070 236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.